# Активноста на Групацијата ЕИБ во
# ЗАПАДЕН БАЛКАН
## 2022 г.

Европска инвестициска банка | Глобално




- ЕИБ Глобално, развојниот огранок на Европската инвестициска банка (ЕИБ), инвестираше 835,2 милиони евра во Западен Балкан* во 2022 г.
- Ова финансирање се очекува да мобилизира вкупно речиси 3,5 милијарди евра во инвестиции.
- Банката на ЕУ е клучен придонесувач во Економскиот и инвестицискиот план од 30 милијарди евра на Европската комисија за регионот преку нејзината поддршка за транспортни инфраструктурни проекти и има намера да одигра клучна улога во воведувањето на пакетот за енергетска поддршка од 1 милијарда евра во 2023 г.
- Грантовите за техничка помош на ЕИБ Глобално достигнаа 11,2 милиони евра за одржлива инфраструктура, мали и средни претпријатија, образование, обновливи извори на енергија и проекти за енергетска ефикасност.

Во 2022 г., Банката го создаде ЕИБ Глобално, нов инвестициски огранок посветен на земји и региони надвор од Европската Унија. Во рамките на новата организациска структура, Банката ги рационализираше своите активности во Западен Балкан, продолжувајќи да иницира проекти како реакција на инфраструктурните потреби и предизвиците коишто произлегуваат од глобалните енергетски, прехранбени и климатски кризи.

Како дел од Тим Европа, ЕИБ Глобално оствари блиска соработка со Европската комисија и финансиските партнери за создавање нови партнерства и иновативни финансиски можности за поддршка на зелената транзиција, зајакнување на енергетската безбедност и промовирање на дигитализацијата. Фокусот на ЕИБ Глобално останува подобрување на регионалната поврзаност преку модернизација на виталната инфраструктура, зајакнување на растот на приватниот сектор и поддршка на реформите за пристапување во ЕУ. Како дел од иницијативата Глобална порта** на Европската Унија, Банката на ЕУ продолжи да го поддржува спроведувањето на Економскиот и инвестицискиот план на Европската комисија според Инвестициската рамка за Западен Балкан, заедно со локалните делегации на ЕУ, меѓународните финансиски институции и организации и локалните партнери.



* Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

** Глобална порта е нова европска стратегија за поттикнување паметни, чисти и безбедни врски во дигиталниот, енергетскиот и транспортниот сектор и за зајакнување на здравствените, образовните и истражувачките системи низ светот. Таа има за цел да мобилизира до 300 милијарди евра за одржливи инфраструктурни проекти низ светот.



# Енергетската безбедност и зелената агенда

## ЕИБ Глобално е усогласена со пакетот за енергетска поддршка на ЕУ за регионот

Како реакција на енергетската криза којашто е влошена од руската инвазија на Украина, Европската Унија усвои пакет за енергетска поддршка од 1 милијарда евра за да му помогне на Западен Балкан да ги ублажи непосредните, краткорочните и среднорочните енергетски потреби, да ја забрза декарбонизацијата и да ја подобри енергетската безбедност. Целта е да се заштитат малите и средни претпријатија (МСП) и најранливите домаќинства, а истовремено да се унапреди разновидноста и ефикасноста на енергијата и производството на обновлива енергија.

ЕИБ Глобално има клучна улога во спроведувањето на пакетот за енергетска поддршка на ЕУ. Затоа, го засили својот регионален тим во своите четири канцеларии во Западен Балкан со цел да обезбеди практична поддршка и сеопфатна комбинација на заеми, мешано финансирање и советодавни услуги за помош во подготовката на нови проекти коишто вклучуваат обновлива енергија, проширување на електричните мрежи и складишна инфраструктура, како и воведување мерки за енергетска ефикасност.

# Иницирање проекти за одржлива, обновлива енергија и ефикасни ресурси

## Близу 11,2 милиони евра во грантови за техничка помош

ЕИБ е климатска банка на ЕУ. Како дел од неа, ЕИБ Глобално продолжи да финансира еколошки одржливи проекти, потпишувајќи 835,2 милиони евра во заеми во 2022 г., од кои повеќе од 80 % директно придонесоа за климатско дејство. Овие средства ќе помогнат во изградбата на железничката пруга на Коридорот X во Србија, модернизацијата на делот од Европската железничка маршрута 10 во Косово* и подобрувањето на внатрешната пловидба по водните патишта на реките Сава и Дунав. Во Северна Македонија, околу 700.000 луѓе ќе имаат корист од подобреното водоснабдување и инфраструктурата за отпадни води и заштита од поплави, коишто ќе бидат воведени во 80-те општини во земјата.

Дополнително, ЕИБ Глобално мобилизираше грантови за техничка помош во вкупна вредност од 11,2 милиони евра за подготовка и спроведување нови проекти. На пример, техничката помош за проект за социјални станови во Тирана ќе резултира со изградба на поволни и енергетско ефикасни сместувања за околу 6.500 луѓе. Во Косово, ЕИБ Глобално потпиша договор за техничка помош во 2022 г. за да обезбеди препораки за подобрување на инфраструктурата и стандардите за високо образование. Беше потпишан уште еден договор со градот Ниш, Србија, според кој ЕИБ Глобално ќе обезбеди приспособен план за одржлива урбана мобилност за да обезбеди изградба на безбедна, практична и зелена транспортна мрежа. Во Босна и Херцеговина, техничката помош на ЕИБ Глобално ќе ја олесни изградбата на парк со ветерници од 50 MW во регионот на Травник, забрзувајќи ја транзицијата кон обновливи, сигурни и одржливи енергетски ресурси.

Градовите во Црна Гора, Албанија и Косово ќе имаат корист и од Фондот за финансискиот јаз за градската клима, којшто им помага на градовите низ светот да ги реализираат своите климатски амбиции преку претворање на идеите за климатска отпорност во стратегии и финансиски поткрепени проекти.

* Оваа назнака нема да биде на штета на позициите за статусот и е во согласност со резолуцијата UNSCR 1244/1999 и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за прогласувањето независност на Косово.

„Како дел од Тим Европа, ЕИБ Глобално со задоволство го поддржува регионот во справувањето со урбаниот развој и инфраструктурните потреби на финансиски одржлив, општествено инклузивен и енергетско ефикасен начин. Овие грантови се дополнителен доказ за нашата посветеност да поттикнеме енергетско безбеден и климатски неутрален развој на Западен Балкан, како и да му помогнеме на регионот да се усогласи со стандардите на ЕУ и да се бори против климатските промени.“ – вели потпретседателката на ЕИБ Лилјана Павлова.

## Доверлив партнер на приватниот сектор

### Од 2020 г., ЕИБ Глобално има инвестирано 970 милиони евра во малите бизниси

Закрепнувањето и растот на приватниот сектор, отворањето работни места и декарбонизацијата остануваат меѓу главните приоритети на ЕИБ Глобално. Во соработка со националните институции за развој и комерцијалните банки, Банката на ЕУ обезбеди нови можности за подобрување на пристапот до достапно финансирање за малите бизниси коишто се соочуваат со финансиски ограничувања поради сложениот ефект од енергетската и прехранбената криза и последиците од пандемијата на коронавирусот.

Во 2022 г., ЕИБ Глобално го воведе својот заем за стимулација на влијание, поттикнувајќи го женското претприемништво и охрабрувајќи ги компаниите да вработуваат луѓе од ранливите социјални групи во Србија и Босна и Херцеговина преку партнерски комерцијални банки. За да им помогне на малите бизниси да ја зголемат својата енергетска ефикасност како одговор на енергетската криза, ЕИБ Глобално дизајнираше наменска кредитна линија за климатско дејство со Развојната банка на Северна Македонија и Фондот за инвестициски развој на Црна Гора. Овие средства веќе им помагаат на компаниите да го трансформираат својот бизнис кон климатски неутрален, инклузивен и одржлив модел.

Во декември 2022 г., Европскиот инвестициски фонд (ЕИФ), дел од Групацијата ЕИБ, го промовираше Гарантниот фонд на платформата за развој на претпријатија и иновации во Западен Балкан, финансиран со 60 милиони евра за да обезбеди пристап до финансирање под поволни услови за околу 4.000 мали бизниси во регионот. Се очекува гаранцијата да отклучи портфолио речиси седум пати поголемо од доделените ресурси (околу 400 милиони евра) и да обезбеди значителна поддршка за да им помогне на локалните мали и средни фирми да пристапат до кредити, да ја зголемат нивната отпорност и да ги зајакнат вештините додека се движат кон поодржлива, ниска јаглеродна економија.

Во соработка со Европската комисија и Инвестициската рамка за Западен Балкан , Групацијата ЕИБ поднесе предлози за неколку иновативни финансиски инструменти и советодавна поддршка во рамките на Европскиот фонд за одржлив развој плус за да се поттикне зелена, дигитална и правична транзиција меѓу малите и средни бизниси. Групацијата ЕИБ ќе продолжи да обезбедува нови можности за инвестирање за да помогне во привлекувањето приватно финансирање за потфати и филантропски активности коишто придонесуваат за целите на одржливиот развој. ЕИФ очекува дека ќе може да го поддржи целокупното портфолио од околу 1 милијарда евра за малите бизниси според различни шеми помеѓу 2024 г. и 2026 г.



**Активноста на Групацијата ЕИБ во**
# ЗАПАДЕН БАЛКАН
2022 г.

Европска инвестициска банка | Глобално

## Достигнувањата на Групацијата ЕИБ во 2022 г.

**Вкупно финансирање на Групацијата ЕИБ**
Проекти потпишани од Групацијата ЕИБ во износ од
**72,5 милијарди евра**

**Зелено финансирање**
**Над 50 %**
од вкупното финансирање од Групацијата ЕИБ беше поврзано со климатско дејство и одржливост на животната средина

**Потпишани проекти**
од ЕИБ Глобално за Западен Балкан коишто достигнаа
**824 милиони евра**

**Потпишани грантови**
за нови проекти во Западен Балкан во вкупен износ од
**11,2 милиони евра**

**Потпишани проекти**
од Групацијата ЕИБ во Западен Балкан коишто, од 2009 г., достигнаа речиси
**10,3 милијарди евра**

**Број на работни места**
коишто се одржани од 2009 г. со помош на финансирање од ЕИБ надмина
**900.000**


### КОНТАКТИ ЗА МЕДИУМИТЕ

**Гордана Ковачевиќ**
+381 60 323 3435
+381 11 312 1756
g.kovacevic@ext.eib.org

**Регионално претставништво за Западен Балкан**
Vladimira Popovića 38
Belgrade, Serbia
+381 11 312 1756
belgrade@eib.org

**Канцеларија за медиумите**
+352 4379 21000
+352 4379 61000
press@eib.org
www.eib.org/press

### ОПШТИ КОНТАКТИ

**Европска инвестициска банка**
98-100 boulevard Konrad Adenauer
L-2950 Luxembourg

**Биро за информации**
+352 4379 22000
+352 4379 62000
info@eib.org – www.eib.org



Фотографија: Европска инвестициска банка, pixabay, ИРЗБ, Делегација на ЕУ во Црна Гора


© Европска инвестициска банка 05/2023 MK


2022-0318